47479

Македонија ДЕНЕС, Скопје, 28. XII 2000/III, 692, 16



СМЕНИ НА ДИРЕКТОРИ ВО КУЛТУРАТА

# Владини пакетчиња за дисидентите





*Завчерашната одлука на владата за именување нови директори на Драмскиот театар и на Музејот на современа уметност, за многумина, е најава за големото кадровско чистење и во културата*

Нов директор на Драмскиот театар е актерот Сенко Велинов, кој на новата функција доаѓа од МНТ, каде работеше две години по заминувањето од Драмски. Се потврдија и шпекулациите околу смената на директорот на Музејот на современа уметност - Зоран Петровски, за чие место се споменува името на Емил Алексиев - кустос во Музејот на град Скопје. Главниот камен на сопнување на осумгодишното директорување на Петровски во МСУ беше фактот што тој не е партиски човек и што беше поставен за директор во времето на СДСМ. Тој, како ни Станковски, воопшто не е известен за своето менување.

"Чест ми е да сум дисидент на оваа влада. Бев дисидент и на претходната власт, која ми водеше досие, под име „Хамлет". Се надевам дека следното досие ќе ми биде водено под име „Фалстаф".

Лицемерието на оваа влада со кисел призвук бугарски излегува на видело кога во ист ден премиерот соопштува дека нема партизација во државата нудејќи ѝ дипломатски места на опозицијата и обвинувајќи ја дека не сака да соработува, а, од друга страна, врши промени во културата, каде што не смее да има политика, и во театарот, кој пред него успеа да стигне во Европа. Дали е, можеби, љубоморен поради тоа?

Сакам да поставам едно прашање и до Ганка Цветанова - Самоиловска. Кои се аргументите за моето сменување? Културата на еден човек налага, како директор на институција од калибарот на Драмски театар, барем да ме покани и да ми ги соопшти аргументите за сменувањето. И, дали кога веќе нема да биде министерка, туку професорка по музика, ќе ги учи децата да го свират Бах и Моцарт ВМРО-вски? Конечно, сакам да потенцирам дека ова не е удар врз мене, туку врз Драмски, за, на крај, македонската култура да проработи по бугарски модел", изјавува Станковски по веста за неговото менување.

"Досега не сум добил никакво известување, но ако е одбран Алексиев, можам само да му честитам. Сепак, ќе ми беше многу подраго ова да беше решено по пат на конкурс", вели Зоран Петровски.

Емил Алексиев потврди дека имал разговор на оваа тема со министерката Самоиловска - Цветанова.

"Не можам да кажам ништо пред да го добијам официјалното известување", вели Алексиев. На забелешката дека на директорското место во МСУ доаѓа од друга институција, одговори: "Станува збор за многу сродни институции, а јас сум професионалец. Во поглед на политичката конотација, која му се дава на овој настан морам да нагласам дека не припаѓам ниту на една политичка партија".

М. ПЕТРЕВСКА



## Не станува збор за партиска пресметка, туку за несоодветен однос

„Прво, бев изненадена кога слушнав од нашите кадровски служби дека во Музејот на современа уметност, воопшто, нема назначено директор. Таму, практично, немаше потреба да се разрешува директорот", вели министерката Ганка Цветанова - Самоиловска за најновите директорски смени во културните институции.

„Што се однесува, пак, до Драмскиот театар, тоа не е чин на партизација и политичка пресметка меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДА, туку е резултат на едно несоодветно однесување на директор, на човек што е на чело на една институција, кој се конфронтираше со многу значајни луѓе, вклучувајќи го туку и мојот претходник, Љубен Пауновски, Горан Стефановски, неговиот долгогодишен пријател Благој Чоревски... И, морам да кажам, јас и тогаш реагирав без разлика што Чоревски и Станковски се од иста партија и што се долгогодишни пријатели. Го повикав Чоревски по таа неславна изјава на Станковски и му кажав дека ќе разговарам со кадровиците од ДА за промена на тоа место, зашто според мене, не може да се дозволи еден директор да не ја почитува хиерархијата. Станувaше збор за заменик-министер. Но, тие промени, за жал, не се случија тогаш. Така, сегашната промена е резултат на тие односи, а не на некоја партизација во културата. Вие знаете дека директорот на Битолскиот театар, Благој Стефановски беше член на парламентот од партијата СДСМ, како и директорот на Театарот за деца и млади, Љубомир Чадиковски, но тоа се луѓе што извонредно си ја вршат својата работа и се исклучително активни. Нивните театри произведуваат претстави со висок квалитет, така што воопшто не станува збор за смени по партиска линија.